

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец март 2017

5.4.2017

Сектор за инвестиции

NLB
Нов пензиски фонд

**Содржина**

1. Реплек АД Скопје………………………………………………………………………………… 3
2. Тетекс АД Тетово………………………………………………………………………………… 6

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец март 2017 година, се одржаа акционерски собранија на **Реплек АД Скопје и Тетекс АД Тетово**. Компании во кои ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд и ОДПФ НЛБ Пензија Плус поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

**1. Реплек АД Скопје**

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средства на ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд и ОДПФ НЛБ Пензија плус, а Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Реплек АД - Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Реплек АД - Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското друштво во %* | **7,75%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,36%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 27.03.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;<br>3. Избор на Претседавач на Собранието;<br>4. Усвојување на Дневниот ред.<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари – декември 2016 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор;<br>2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2016 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај;<br>3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото; | |

| | |
|---|---|
| | 4. Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2016 година;<br><br>5. Разгледување на Извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;<br><br>6. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2016 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор;<br><br>7. Именување на овластен ревизор на годишната сметка во Друштвото за 2017 година;<br><br>8. Донесување на одлука за престанок на мандатот на членовите на Надзорниот одбор поради истек на времето за кое се избрани и избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**I Реплек АД - Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Реплек АД - Скопје се одржа на 27.03.2017 година со почеток во 15:00 часот во просториите на Друштвото во Скопје.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски Фонд АД Скопје по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Реплек АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Верификација на списокот
   на пријавени и присутни акционери;
3. Избор на Претседавач на Собранието;
4. Усвојување на Дневниот ред.

**Претставникот гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари – декември 2016 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор;

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2016 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај;

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото;

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2016 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување на Извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2016 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор;

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Именување на овластен ревизор на годишната сметка во Друштвото за 2017 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Донесување на одлука за престанок на мандатот на членовите на Надзорниот одбор поради истек на времето за кое се избрани и избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото

**Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Реплек АД Скопје:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Реплек АД – Скопје, на кое беа присутни акционери на вкупно 69,7% од издадените акции со право на глас, се пристапи кон избор на Работни тела.

По гласањето за Процедуалниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Во воведното излагање на Претседателот на Управниот одбор на Групацијата Реплек АД Скопје се презентираа резултатите на компанијата, но и идните планови за развој и очекувања.
Менаџментот на компанијата истакна дека во текот на 2016 година продолжиле со напорите за освојување на нови пазари и регистрација и обнова на нови лекови, од кои се очекува посебна активност во текот на 2017 година. Дополнително, Управниот одбор на Групацијата напомена дека се направени инвестиции во заокружување на процецосот во Лабораторијата за контрола на квалитет и заедно со Микробиолошката лабараторија е постигнат интегритет на двете единици.

На собранието беа усвоени сите точки од дневниот ред, односно позитивно се гласаше за Годишниот извештај за периодот јануари-декември 2016 година, работата на Управниот и Надзорниот одбор, се усвои Годишната сметка и Финансиските извештаи како и Одлуката за распределбата на добивката. Во Одлуката за утврдување на датум при исплата на дивиденда за 2016 година беше изгласана нето дивиденда во износ од 3.074 денари.

Претставникот на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје гласајќи “ЗА”, го поддржа донесувањето на точките од работниот дел на дневниот ред.

Во ревидираните консолидирани финансиски извештаи, за периодот 01.01-31.12.2016 година, Групацијата Реплек АД Скопје забележа приходи од продажба во износ од 829 милиони денари, оперативна добивка од 122 милиони денари и нето добивка во вредност од 110 милиони денари.
Во ревидираниот консолидиран биланс на состојба вкупните средства изнесуваат 1.755 милиони денари, а вкупните обврски заклучно со 31.12.2016, изнесуваат 316 милиони денари.

Откако беше исцрпен дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.

## 2. Тетекс АД Тетово

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд, а Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**II.Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,05%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 30.03.2017 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на претседавач на Собранието;<br>3. Избор на бројачи на гласови.<br><br>**Работен Дел**<br>**1.** Разгледување и усвојување на Извештајот за работење за 2016 година.<br>- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работење за 2016 година.<br><br>**2.** Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2016 година.<br>- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи 2016 година. | |

| | |
|---|---|
| | **3.** Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка за 2016 година.<br>- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на консолидирана годишна сметка.<br><br>**4.** Разгледување на Извештаи на ревизорската куќа.<br>- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Извештаи.<br><br>**5.** Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2016 година и усвојување одлука за надомест на неизвршните членови на Одбор на директори.<br>- Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот.<br><br>**6.** Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2016 година.<br>- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот.<br><br>**7.** Предлог – Одлука за распределба на остварената добивка за 2016 година.<br><br>**8.** Предлог – Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.<br><br>**9.** Предлог – Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2017 година за Тетекс АД Тетово.<br><br>**10.** Избор на членови на Одбор на директори<br>- Предлог одлука за престанок на мандат<br>- Предлог Одлука за избор и надомест на неизвршните членови на Одборот на директори<br><br>**11.** Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка за Тетекс АД Тетово за 2017 година. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Тетекс АД ТЕТОВО**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 30.03.2017 година со почеток во 12 часот во просториите на Друштвото, на адреса ул. Браќа Миладинови бр.1 Тетово.

Претставникот на НЛБ Нов Пензиски Фонд АД Скопје по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Тетекс АД Тетово гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Избор на бројачи на гласови;

**Претставникот гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење за 2016 година.
    - Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работење за 2016 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2016 година.
    - Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи за 2016 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка за 2016 година.
    - Предлог Одлука за одобрување и усвојување на консолидирана годишна сметка.

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештаи на ревизорската куќа
    - Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Извештаи.

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2016 година и усвојување одлука за надомест на неизвршните членови на Одбор на директори.
    - Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот.

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2016 година.
    - Предлог Одлука за усвојување на Извештајот.

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог – Одлука за распределба на остварената добивка за 2016 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог – Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог – Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2017 година за Тетекс АД Тетово.

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Избор на членови на Одбор на директори
    - Предлог одлука за престанок на мандат
    - Предлог Одлука за избор и надомест на неизвршните членови на Одборот на директори

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка за Тетекс АД Тетово за 2017 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

**Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Тетекс АД Тетово:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Тетекс АД Тетово, се пристапи кон избор на Работни тела.

По гласањето за Процедуалниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот гласајќи "ЗА", го поддржа донесувањето на одлуките од работниот дел на дневниот ред.

На собранието едногласно беа усвоени сите точки од дневниот ред, односно позитивно се гласаше за Годишниот извештај за периодот јануари-декември 2016 година, работата на Одборот на директори, се усвои Годишната сметка и Финансиските извештаи како и Одлуката за распределба на добивката. Во Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар се изгласа бруто дивиденда во износ од 122,22 денари по акција.

Групацијата Тетекс АД Тетово, во 2016 година, оствари приходи од продажба во износ од 202,5 милиони денари и во однос на 2015 година се зголемени 1,6%. Но, поради поголемите трошоци за продадени производи бруто добивката (во износ од 18 милиони денари) е пониска во однос на 2015 година за 37%. Како резултат на поголеми Останати приходи, од продажба на материјални средства, и поголеми приходи од дивиденда од поврзани лица, Тетекс АД Тетово забележа нето добивка од 85,6 милиони денари. Во 2015 година поради искажани загуби од вложувања од 107 милиони денари, Групацијата забележа нето загуба од 107 милиони денари.

Обврските на Групацијата изнесуваат 60 милиони денари од кои 28 милиони се обврски спрема добавувачи, 23 милиони ПВР обврски и 12 милиони разграничени грантови. Компанијата нема долгорочни и краткорочни кредити.

Вкупните средства изнесуваат 1.793 милиони денари и се намалени за 1,2% во однос на 2015 година, а вкупно главнината изнесува 1.732 милиони денари и е зголемена за 2,5% во однос на претходната година.

Откако беа изгласани сите точки од дневниот ред собранието беше прогласено за затворено.